# SHARIA LAW IN THE VARDAR PART OF MACEDONIA (1918-1941)

**Rejhan Mandak**
Islamic High School Isa Beg Medresa -Skopje, Republic of Macedonia
medreseja.isabeu@gmail.com, rejhanm@yahoo.com

**Abstract:** The organization of the Kingdom of SHS/Yugoslavia was conducted according to the well-known principle of dividing the power into legislative, executive and judicial. The constituent power was above them. The question regarding the validity of the Sharia law for the Muslims was raised since the very formation of the Kingdom. As for the judicial organization, it is indicative that after the unification, the already founded judicial organization was kept in all the provinces, and this was also true for the Sharia judiciary. In Serbia, in the Vardar part of Macedonia, the jurisdiction of the Sharia judiciary was in the hands of the mufti, while in Bosnia and Herzegovina, this jurisdiction was under the Sharia judges who worked under a separate court departments which were called Sharia courts. The first law that in detail regulated the organizational structure of the courts for the whole country was adopted on 24th September, 1928. This law not only determined the jurisdiction of the courts, but also their main seats. This law was replaced by another law on 18th January, 1929, but it did not change the organizational structure of the courts. This law also established Sharia judges in the Vardar part of Macedonia as separate departments and outside the Muftis. The aim of this law was to equalize the judicial organization in the entire territory of the state.
**Keywords:** Kingdom, Sharia, judiciary, state, law, legal system.

# ШЕРИЈАТСКОТО СУДСТВО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1918-1941)

**Рејхан Мандак**
СИУ Иса Бег Медреса-Скопје, Република Македонија
medreseja.isabeu@gmail.com, rejhanm@yahoo.com

**Резиме:** Организацијата на Кралството на СХС/Југославија била спроведена според познатото начело на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска[178]. Над нив била уставотворната власт.[179] Од самото формирање на Кралството се поставило прашањето за важење на шеријатското право за муслиманите. Што се однесуваа до судската организација карактеристично е тоа што по обединувањето задржана е затечената судска организација во сите покраини, а тоа се однесувало и на шеријатското судство. Во Србија, во вардарскиот дел на Македонија надлежноста на шеријатското судство била во рацете на муфтиите, а во БиХ таа надлежност ја имале шеријатски судии кои работеле во посебни судски одделенија кои се нарекувале шеријатски судови. Првиот закон кој детално ја регулирал организационата структура на судовите за целата земја, донесен е на 24 септември 1928 година. Со овој закон не само што се определува надлежноста на судовите, туку и нивните седишта. Овој закон е заменет со друг закон од 18 јануари 1929 година, со кој организационата структурата на судствите не се менува.[180] Со овој закон беа воспоставени шеријатски судии и во вардарскиот дел на Македонија како посебни одделенија и надвор од муфтиствата. Целта на овој закон беше да се изедначи судската организација на целата територија на државата.
**Клучни зборови:** Кралството, шеријатско, судство, држава, закон, правен систем.

---

[178] Во практика Уставот не функционирал како што било замислено. Некои одредби, пред сè во судството не биле почитувани и судството останало разединето. За ова види повеќе во: Историја на државите и правата на југословенските народи, Белград, 1972, 464-480.
[179] Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, Скопје, 2000, 13.
[180] Историја на државите и правата на југословенските народи, Белград, 1972, 498.

**1. ВОВЕД**

Со формирањето на– Кралството на Србите Хрватите и Словенците применувањето на шеријатското право во вардарскиот дел на Македонија не било прекинато, туку неговата имплементација била и организациски зацврстена и за муслиманското население добило обврзувачки карактер. На тој начин муслиманите од вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни со шеријатското право преку посебни шеријатски судови ги решавале семејните, брачните и вакафските прашања. Овој период за применувањето на шеријатското право е карактеристичен по тоа што шеријатското право се применувало во многу поширок обем за разлика од другите верски права, бидејќи тој важел и за граѓанско-правното подрачје, а не само за верско-конфесионалното подрачје. Шеријатското право како предмет на гаранција се нашло во еден од најзначајните меѓународни акти за новоформираната југословенска држава и во Уставот на земјата, од каде ги црпело правните гаранции за неговата примена како дел од државно-правниот систем во новоформираната држава, Кралството на СХС.

**2. ШЕРИЈАТСКОТО ПРАВО И МЕЃУНАРДОНИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА НЕГОВА ПРИМЕНА ВО СУДСТВОТО**

Во текот на Првата светска војна, под влијание на јавноста во Европа, се оформила идејата за заштита на народните, верските и јазичните малцинства.[181]Меѓународните договори за мир на новоформираните држави им диктирале обврски со кои ќе бидат заштитени малцинствата на нивната територија.Конечниот малцински договор со Кралството на СХС беше потпишан во Сан Жермен на 5 декември 1919 година, а стапи во сила на 16 јули 1920 година. Покрај општите одредби за заштита на малцинствата во член 10 од Договорот „се гарантираше посебна заштита на муслиманските жители на Кралството, а со тоа Кралството на СХС преземало обврски во поглед на муслиманското население;

Во поглед на семејниот и личниот статус на муслиманите да донесе одредби со кои ќе се допушти тие прашања да се регулират по муслиманските обичаи;

Кралството ќе преземе мерки и ќе создаде услови за номинација на реис-ул-улема;

Да се осигура заштита на џамиите и гробовите и на други муслимански верски установи, исто така ќе биде обезбедено целосно признавање и погодности за постојните муслимански верски фондациии религиозни и добротворни установи (вакафи), а Владата на Кралството на СХС нема да одбие создавање на нови приватни религиозни и добротворни установи од ваква природа“.[182]Поставување на верското, а не националното прашање на муслиманите било блиско во погледите на мнозинството од верските и политичките претставници, кои во првите години од постоењето на државата ја промовирале идејата за единствена верска организација на муслиманите на целата државна територија. Во тој поглед и Договорот за заштита на малцинствата ќе биде прифатен како важна основа за внатрешната политичка борба на муслиманскиот елемент во оваа држава, тоа очигледно ќе го видиме и кај политичката организација Џемиет[183] во вардарскиот дел на Македонија, а и кај Југословенската муслиманска организација.[184]За задолжителното важење на шеријатското право значаен е ставот 1 од член 10 кој гласи:

---

[181] За ова види повеќе: Владимир Ортаковски, Малцинствата на Балканот, Скопје, 1988.

[182] Владимир Ортаковски, цит. дело, 192; D-r. Fikret Karčić, Istorija šerijatskog prava, Sarajevo, 1997, 132; D-r. Fikret Karčić, Šerijatski sudovi u Jugoslaviji 1918-1941, Sarajevo, 1986, 34.

[183] Национална турска организација - Џемиет била верска, муслиманска организација на Турците, Албанците, Бошњаците и на македонските муслимани од вардарскиот дел на Македонија, Косово и Санџак, партиски сконцентрирана во Скопје.. Џемијет како политичка организација повторно се активира по Првата светска војна на својот Конгрес на муслиманите од Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија) одржан во Скопје на 19 ноември 1919 година. На Конгресот зеле учество 64 муслимански делегати под претседателство на Неџип Драга. Види повеќе: Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919-1928) , 2004, 64-68, 127-133 и 186-191.

[184] Југословенската муслиманска организација (ЈМО) настанала со обединувањето на бошњачките локални политички организации во февруари 1919 година.: Др. Атиф Пуриватра, Југословенска муслиманска организација у политичком животу Краљевине СХС, Сарајево, 1977, 54.

„ Државата на Србите, Хрватите и Словенците се согласува да донесе одредби со кои ќе им овозможи на муслиманите да им се решаваат прашањата од фамилијарното право и личниот статус по муслиманските обичаи. “[185]При внесување на овие меѓународни обврски во домашното законодавство терминот муслимански обичаи протолкуван е како шеријатско право поради посебното инсистирање на верските и политичките претставници на муслиманите за да се задржат државните шеријатски судови и во новоформираната држава[186].Од клаузулите на Договорот од Сан Жермен можеме да заклучиме дека не морало шеријатското право да има обврзувачки карактер за муслиманското население во оваа држава, ниту пак, задржување на државните шеријатските судови. До таква состојба се дошло со политичката борба на муслиманските верски и политички претставници во внатрешниот политички живот на Кралството.

## 3. ПОЛИТИЧКА БОРБА ЗА УСТАВНИ ГАРАНЦИИ ЗА ПРИМЕНУВАЊЕТО НА ШЕРИЈАТСКОТО ПРАВО ВО СУДСТВОТО

Дејствувањето на муслиманскиот верско-политички фактор во текот на подготовките за донесување на Видовденскиот устав, прифатените меѓународни обврски на Кралството на СХС за решавање на личниот статус и семејното право на муслиманите по нивните обичаи е преточено во уставен текст како обврзувачко важење на шеријатското право кое ќе се применува по пат на државни шеријатски судови.Прашањето за применување на шеријатското право на внатрешен политички план е поставено на самиот почеток од заживувањето на политичкиот живот во новата држава. Политичките организации од муслиманскиот блок во своите програми како приоритет ги истакнувале и верските барања, рамноправност на исламот со сите други вероисповеди во државата, непречено да се извршуваат верските прописи меѓу нив и понатамошно важење на шеријтското право. На ова некои организации инсистирале повеќе, а некои помалку, но во никој случај ниедна политичка организација од муслиманскиот блок во Кралството на СХС не ги заобиколувала овие прашања во нејзината програма. Во вардарскиот дел на Македонија слични барања во својата политичка програма имала и политичката организација Џемиет.За изборите од 28 ноември 1920 година во вардарскиот дел на Македонија се подготвувала и националната турска организација - Џемиет, која била верска, муслиманска организација на Турците, Албанците и Бошњаците од вардарскиот дел на Македонија, Косово и Санџак, партиски концентрирани во Скопје. Оваа организација својот став кон изборите, односно кон идното дружење во политиката го утврдила на својот Конгрес на муслиманите од Јужна Србија (во тој контекст и од вардарскиот дел на Македонија), одржан во Скопје на 19 ноември 1919 година. Конгресот бил одржан под претседателство на Неџип Драга, а пред јавноста бил презентиран писмен предлог во кој се наведувало: оваа органицазија да стапи во контакт со другите српски буржоаски партии и со нив да преговара, муслиманите од наведените области на изборите за Конституантата да гласаат за онаа партија која најмногу ќе ги прифати нивните услови. На Конгресот посебно било истакнато барањето на муслиманите да им се даде насекаде автономија на верската организација и да не се спречуваат врските со верските претставници во Цариград. Исто така, биле подвлечени и следниве барања: одземените вакафски имоти да им се вратат на вакафските управи, муслиманските училишта да имаат автономија, а државата на Кралството на СХС да има над нив само право на надзор, муслиманските деца да не мораат да одат во српските училишта, на изборните листи да се истакнуват и муслимани за кандидати, аграрната реформа да се однесува и на вакафските имоти и богатства, и друго[187]. Од Програмата на Џемиет може да се види дека тие најмногу се посветиле на прашањето за вакафските имоти и за решавањето на некои прашања за верска автономија, а во тој контекстт и за важењето на шеријатското право. Ваквите барања Џемиетот настојувал да ги изнуди од Владата при поддршката за Видовденскиот устав, во што и успеале заедно со Југословенската муслиманска организација од БиХ бидејќи имале речиси слични барања во однос на верските права. Кон крајот на јануари 1921 година Собранието на Кралството на СХС формира Уставен одбор кој требало да ги прегледа нацртите на Уставот. Нацрти поднеле најзначајните политички партии, групи и пратеници или поединци, а меѓу нив значаен Нацрт-предлог поднел и Југословенскиот муслимански

[185] За политичката борба во овој контекст на гореспоменатите политички организации повеќе види: Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии... цит. дело, 76;  Д-р. Атиф Пуриватра, цит.дело 147.
[186] Тоа бил и еден од условите за поддршката на Џемиет за донесувањето на Видовденскиот устав.
[187] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии... цит. дело, стр. 65.

клуб[188], кој подоцна ќе биде од значајна улога за останувањето на важноста на шеријатското право во новата држава.Политичката борба на муслиманските организации за уставната гаранција на шеријатското судство била водена во дискусиите за Нацрт-уставот. Кога било расправано за уставната одредба која се однесувала за судската власт (чл. 70), истакнатиот член на Џемиетот, Мехметалија Мамутовиќ, предложил додавање во овој член, клаузула која ќе гласи: „За семејните, брачните и наследните прашања на муслиманите да им судат државни шеријатски духовни судови според прописите на Ханефиската школа. Тие самостојно ќе ги водат популарните предмети и ќе раководат со матичните книги за запишување на родените и умрените муслимани како и склопување и разрешувањето на нивните бракови. Книгите и исправите ќе имат карактер на јавни исправи“.[189]Одлучувачка улога за добивање на уставни гаранции за шеријатските судови, а со тоа и останувањето на шеријатското право како дел од правосудниот систем на државата имала Југословенската муслиманска организација. Оваа партија на 16 февруари 1919 година усвоила своја Програма и Статут. Во Програмата се барало Владата да се изјасни за: верската просветна автономија на муслиманите, за нивната врска со Хилафетот и институцијата на шеријатските судови.[190]Барањата на Југословенската муслиманска организација кои се однесувале во областа на применувањето на шеријатското право биле изложени во втората глава на нивната Програма, каде што се вели:„Бараме дека уставните гаранции ќе останат во установите шеријатски судови како државна власт за судење по прописите на шеријатот во досегашниот делокруг. Тој делокруг ќе треба да се прошири, со тоа што на шеријатските судови ќе им се даде право да судат во сите семејни прашања на муслиманите, и да се стават во должност да ги водат предметите на сираците, водење на матичните книги за родените и умрените муслимани, потоа склопување и разрешување на браковите, а овие книги да имаат важност на јавна исправа. Потоа бараме надлежност на шеријатските судови во сите вакафски прашања, за кои ќе биде потребно хукми шери (шеријатска одлука). Бараме на тие судови да им се даде егзекутивна власт во сите нивни одлуки и пресуди, а поради осигурување на судскиот авторитет органите на државната власт ќе ги извршуваат пресудите над странките“.[191]Поради тоа, прашањето за применување на шеријатското право по пат на државни шеријатски судови добило посебно значење во барањата на Муслиманската југословенска организација во текот на подготовките за донесување на првиот устав на Кралството на СХС.Во Нацрт-уставот кој го поднел Југословенскиот муслимански клуб, на Уставниот одбор при Уставотворното собрание, членот 65 бил посветен на установите шеријатски судови, а тој гласел: „Во семејните, брачните и наследните прашања на муслиманите ќе им судат државни шеријатски судови, тие самостојно ќе ги водат муслиманските предмети на сирачињата, ќе раководат со матичните книги за родените и умрените на муслиманите како и за склопување на браковите. Книгите и исправите ќе имаат карактер на јавни исправи“.[192] Радикално-демократската коалиција за да обезбеди потребно мнозинство за донесување на Видовденскиот устав почнала преговори со Џемиетот и Југословенската муслиманска организација. Во текот на овие преговори ЈМО побарала да се воведат одредбите кои биле содржани во Нацрт-уставот, а се однесувале на исламот. По обострано отстапување, постигнале спогодба, Владата на Никола Пашиќ се обврзала, меѓу другото, дека во Уставот ќе биде внесена одредба за шеријатските судови.Оваа обврска подоцна е потврдена со Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година (член 109): „Во семејното и наследното право на муслиманите ќе им судат државни шеријатски судии.“ На тој начин, за муслиманите во Кралството на СХС имплементацијата на шеријатското право не била можност, туку обврска, па во тој контекст и за муслиманите во вардарскиот дел на Македонија, како интегрален дел во оваа држава. Бидејќи не бил изедначен начинот на применувањето на шеријатското право во сите делови на државата, во вардарскиот дел на Македонија и Србија надлежноста за негово применување ја имале муфтиите, а во БиХ кадиите (шеријатски судии), тоа станало предмет на законско регулирање. Подоцна тоа било и потврдено со Уставот на Кралството Југославија од 3 септември 1931

[188] Историја на државите и правата... цит. дело, 464.
[189] D-r. Fikret Karčić, Šerijatski sudovi…, цит. дело, 40, Авторот на книгата цитираниот предлог го има земено од: Стенографските белешки, Рад Уставног одбора, Уставотворне скупштине Краљевине СХС, 3, Београд, 1921, 4-5.
[190] D-r. Atif Purivatra, цит. дело, 56.
[191] истото, 418-419
[192] истото, 83.

година (член 100).[193] Уставните одредби кои се однесуваат на шеријатското судство биле формулирани на таков начин што на шеријатското право во подрачјето на семејното и наследното право на муслиманите му дале карактер од императивни норми.Шеријатското право во овој период било општествена потреба на муслиманите, а таа потреба била политички изразена во програмите на партиите од муслиманскиот блок, и во нивната политичка борба тие успеале да ја реализираат.

## 4. ПРИМЕНУВАЊЕ НА ШЕРИЈАТСКОТО ПРАВО ВО СУДСТВОТО ДО ШЕСТОЈАНУАРСКАТА ДИКТАТУРА (1918-1929)

Во периодот меѓу двете светски војни биле правени напори законски да се уреди шеријатското судство, стручно да се оспособи, така што шеријатските судови да се оспособат како установи во кои нивната работа нема да биде доведена во прашање како реална потреба за решавањето на приватно-правните работи на муслиманите, а притоа применувањето на шеријатското право, врз основа на уставните одредби од член 109, да биде во согласност со правниот поредок на државата. При правниот процес, во нормирањето на примената на шеријатското право и при определувањето на обемот на неговите надлежности, во периодот меѓу двете светски војни се забележуваат два периода: првиот од 1918 до 1929 година, вториот од 1929 до 1941 година. Првиот период е карактеристичен по тоа што била задржана постоечката состојба и начинот при применувањето на шеријатското право, како и преземените напори ова прашање законски и еднообразно да се реши на целата државна територија. Ваквите напори немале резултати сѐ до 1929 година, а крајот на овој период бил донесувањето на Законот за уредување на шеријатските судови и за шеријатските судии од 21 март 1929 година.Во Кралството на СХС од 1918 до 1929 година не постоела единствена организација на шеријатското судство на целата територија на државата. Што се однесува до член 109 од Видовденскиот устав, тој содржи општа прокламација дека во семејните и наследните прашања на муслиманите ќе им судат државните шеријатски судии. Но, освен во Босна и Херцеговина и во дел од Црна Гора, во другите краишта на државата порано не постоеле шеријатски судови. Затоа во вардарскиот дел на Македонија кадиските прашања ги извршувале околиските муфтии, кои ги имало во сите околиски места, а за муслиманите во Србија, во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија врховниот муфтија бил во Белград како повисока шеријатска инстанца.[194] Во интерес на продолжување на коалицискиот договор меѓу Никола Пашиќ и Југословенската муслиманска организација, Владата на Кралството го прифатила условот кој се однесувал на вардарскиот дел на Македонија за примената на шеријатското право. Во Протоколот на договорот во точка 2, кралската Влада се обврзала дека во следната сесија ќе го донесе и ќе го реши:„Законот за шеријатските судови во духот на член 109, алинеа 3 од Уставот, кој ќе биде поднесен истовремено со Законот за уредување на судовите. Во периодот до донесувањето на тој закон ќе се продолжи важноста на донесениот привремен закон за судовите во јужните краеви (и за вардарскиот дел на Македонија) со додаток дека: сегашните муфтии ќе ги вршат должносттите на шеријатските судии во опфатените надлежности, кои се предвидени во Уставот. За апелација на пресудите од овие судии ќе се формира Врховен шеријатски суд при Првостепениот суд во Скопје, по примерот на Врховниот шеријатски суд во Сараево“.[195] Оваа преземена обврска била делумно реализирана од кралската Влада, на 30. 1. 1922 година кога бил донесен Законот за измена и дополнување на Законот за организирање на судството, со кој се уредило применувањето на шеријатското право во т.н. Јужна Србија (вардарскиот дел на Македонија, Санџак и Косово).[196] Член 5 од овој закон ја содржи следната одредба која се однесува на примената на шеријатското право во вардарскиот дел на Македонија:

„За брачните парници меѓу муслиманите, за споровите кои се однесуваат на старателство и туторство и за еманципација на малолетниците, кога се во прашање муслиманите, надлежни се муфтиите, во рамките на нивните месни надлежности. Прописите на Граѓанскиот законик кои се однесуваат за наследството, се применуваат и се важечки. Но кај законското наследување судот може да го земе предвид

---

[193] Види: D-r. Fikret Karčić, цит. дело, 132-133, 161-162; D-r. Mehmed Begović Šerijatsko bračno pravo, Beograd, 1936, 5-8; Mustafa Spahić, Povijest islama, Sarajevo, 1995, 406-408.
[194] Истото.
[195] Д-р. Атиф Пуриватра, Југословенска муслиманска организација у политичком животу Краљевине СХС, Сарајево, 1977, 421.
[196] „Службене новине“, бр. 37-Ва, 18 февруари 1922.

обичајното право, ако се утврди дека тоа е втемелено и санкционирано со долгорочно општо извршување.Српските поданици муслимани, можат да прават тестамент по одредбите на исламското право. Важноста на таквиот тестамент ќе го оценува муфтијата.Исто така, муслиманите со претходна спогодба, можат да се обратат кај муфтија како изборен судија, можат да се употребат правни средства кај редовните судови, освен ако не е изрично поинаку договорено.Овие одредби се важечки сѐ додека не се донесе закон за шеријатските судови и нивната надлежност.“Со донесувањето на овој закон, одговорни за толкувањето, имплементирањето и применувањето на шеријатското право во вардарскиот дел на Македонија биле муфтиите и по формирање на Кралството на СХС, сѐ додека не бил донесен Законот за уредување на шеријатските судови и шеријатските судии. За жалбена инстанца не бил воспоставен Врховен шеријатски суд во Скопје, како што предвидувал протоколот, тоа било дадено во надлежност на врховниот муфтија во Белград. Со ова привремениот систем за применување на шеријатското право по пат на муфтиствата е потполнет.По формирањето на Кралството на СХС, во поглед на регулирање на односот држава и верски заедници, била прифатена позицијата на верскиот паритет со државното законодавство.[197] Со овој закон, муфтијата освен што бил претставник на исламската вера, истовремено државното законодавство му овозможило и надлежност на посебна државна власт. Во првото својство, муфтиите како членови на исламската верска хиерархија, вршеле надзор над исламскиот верски живот, во координација со верските службеници кои им биле ним потчинети на територијата што ја опфаќало нивното муфтиство. Муфтиите воедно биле и претседатели на околиските вакафски одбори. Во другото својство, тие вршеле одредена судска функција. Во зависност од предметите кои им биле дадени во нивна надлежност, тие вршеле должност на првостепени судии кои судат по шеријатско право, односно старателски судија, судија на неспорни предмети и изборен судија.Во брачните спорови на муслиманите и во споровите кои се однесувале на издржувањето, муфтиите пристапувале како претставници на исламската вера. Паралелно со прашањето за важноста на бракот како верска установа во својата надлежност го имале и прашањето на издржување. Овие предмети се решавале по шеријатското право, одлуките на муфтиите подлежеле на оцена од страна на повисоката муслиманска верска инстанца кај врховниот муфтија за Србија.По прашањето на старателство и туторство како и еманципација на малолетните, а во недостаток на посебни прописи, муфтијата во својата работа ќе се усогласи со законот по кој работат старателските судии и судиите за неспорни дела. Одлуките на муфтиите по овие предмети, подлежат на проценка кај Апелациониот суд.Во наследните предмети на муслиманите во Јужна Србија (вардарскиот дел на Македонија), по правило, важеле прописите од Судскиот граѓански закон. Сепак, ако странките се договорат и постигнат консензус, како што било предвидено според член 5 од тој закон, тогаш можеле да го одберат муфтијата да им го реши нивниот предмет како изборен судија. Во тој случај предметот за законско наследување од надлежноста на граѓанските редовни судови се пренесувал во муфтиствата. Одлуката на муфтијата по ова прашање подлежела на оценување кај првостепениот суд, доколку странките претходно не се откажале од право на жалба. Кога муфтијата настапувал во функција на изборен судија должен е својата одлука и актите на кои е заснована таа одлука да ги упати во надлежниот првостепен суд.Што се однесува за тестаментот, на муслиманите им било овозможено право на избор. Имале можност да се обратат до судија за неспорни дела да им состави тестамент по прописите на граѓанското право, или кај муфтијата да го направи тоа по прописи на шеријатското право. Во ваков случај муфтиите ја преземале функцијата на судија за неспорни дела, за оцена на нивните одлуки бил надлежен Апелациониот суд.

## 5. ВОСПОСТАВУВАЊЕ, СТРУКТУРА, И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ШЕРИЈАТСКИТЕ СУДОВИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1929-1941)

**(Општествено-политички прилики за воспоставувањето на шеријатските судови)**

.Во периодот кога претставниците на Југословенската муслиманска организација влегле во Владата на Вела Вукичевиќ, април 1927 година, се совпаднала со налогот на министерот за правда Бертолд Еиснер да изврши завршна редакција на Нацрт-закон за шеријатските судови.[198]Во тој период, здружението на шеријатските судии, реис-ул-улема, врховниот муфтија за Србија, пратениците и министрите од Југословенската

[197] D-r. Fikret Karčić, цит. дело, 160.
[198] Abdulah Skalić, Osvrt na rad staleške organizacije šerijatskih sudaca od osnutka do današnjih dana, El-Hidaje (Sarajevo), br. 10-11/1943, 315.

муслиманска организација интервенирале кај министерот за правда да се донесе законот за шеријатските судови. Весникот „Правда“ тоа го објавил со коментар каде посебно се изразува задоволството што шеријатските судови за првпат ќе бидат воспоставени и во Јужна Србија (во вардарскиот дел на Македонија).[199]. Нововоспоставениот режим по прогласувањето на Шестојануарската диктатура, преземал повеќе мерки со кои им оневозможил дејствување на партиите од муслиманскиот блок и нивно влијание кај масите. Како главен носител за реализација на ова политика Владата го избрала радикалистот д-р Милан Сршкиќ, тогашен министер за правда, кој имал задача да ја укине автономијата на Исламската верска заедница[200] и да воспостави во неа кадровски решенија кои биле луѓе прорежимски ориентирани. Еден од првите потези на министерот за правда бил неговиот предлог на кралот да се донесе Закон за уредување на шеријатските судови и за шеријатските судии. Кралот овој закон го одобрил на 21 март 1929 година, а стапил во сила седум дена подоцна.[201].Законот за уредување на шеријатските судови и шеријатските судии предвидувал еднинствена организација на шеријатското судство на целата државна територија каде што живеело муслиманско население. Новиот режим оставил трага и во овој закон, со одредбата во која стоело дека пресудите од шеријатските судови ќе бидат изречени во името на кралот (чл. 5) од Законот. По Шестојануарската диктатура шеријатските судови го постигнале највисокиот степен на инкорпорираност во државниот правен систем уште од времето на Османлиската држава.

**7. ЗАКЛУЧОК**

Во новоформитаното Кралство на СХС шеријатските судови претставуваат целина, независна од организацијата на Исламската верска заедница. Се до 1946 година кога се укинати шеријатските судови, шеријатското право во областа на личниот статус се сметало дека е специфично граганско право на муслиманите во оваа држава. Применувањето на шеријатското право во персонален принцип на муслиманското население во вардарскиот дел на Македонија по Балканските војни било како резултат на сплет од правни и политички околности од меѓународен и внатрешен карактер. Шеријатските судови во вардарскиот дел на Македонија во административен поглед представувале одделенија на редовни граѓански судови. По своја организациска структура , карактер, раководен кадар и судска практика тие спаѓале во редот на модернизирани судски установи кои во тоа време постоеле во неколку муслимански земји.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Др. Атиф Пуриватра, Југословенска муслиманска организација у политичком животу Краљевине СХС, Сарајево, 1977.
[2] Abdulah Skalić, Osvrt na rad staleške organizacije šerijatskih sudaca od osnutka do današnjih dana, El-Hidaje (Sarajevo), br. 10-11/1943, 315.
[3] Владимир Ортаковски, Малцинствата на Балканот, Скопје, 1988
[4] Историја на државите и правата на југословенските народи, Белград, 1972
[5] Karčić Dr. Fikret i Karić Enes, Šerijatsko pravo u savremenim drustvama, Sarajevo, 1998.
[6] Karčić Fikret, Šerijatski sudovi u Jugoslaviji 1918-1941, Sarajevo, 1986.
[7] Mustafa Spahić, Povijest islama, Sarajevo, 1995.
[8] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во во парламентарните изборни борби во

[199] „Правда“, 12 септември 1928.
**200** Укинувањето на автономијата на Исламската верска заедница и нејзино ставање под контрола на министерот за правда, изведено е со донесувањето на Законот за Исламската верска заедница на Кралството Југославија од 31 јануари 1930 година. Mustafa Imamović, Historija države i prava BiH, Сарајево, 1999, 374-375.
[201] „Службене новине“, бр. 23-XXИХ, 28 март 1929.